# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

**Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија**
**Излегува еднаш месечно**
**Број 21 Септември 2013 година**

## ССМ ОДБЕЛЕЖА ДВА КРУПНИ НАСТАНИ

МАКЕДОНСКОТО РАБОТНО ЗАКОНОДАВСТВО ЗБОГАТЕНО СО ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ

ДЕВЕТ СИНДИКАТИ ЗДРУЖЕНИ ВО ССМ ДОБИЈА РЕШЕНИЈА ЗА РЕПРЕЗЕНТАТИВНОСТ




***На 24 септември во Сојузот на синдикатите на Македонија се одржа прес конференција, на која медиумите беа запознаени со две исклучително важни настани: верификацијата на три конвенции на Меѓународната организација на трудот и добивањето решенија за репрезентативност на девет синдикати здружени во ССМ.***

Претседателот на ССМ д-р Живко Митревски информираше за крупната активност на Сојузот на синдикатите на Македонија, која во основа ќе придонесе за зајакнување на меѓународните стандарди на трудот и во нашето работно законодавство која е објавена во Сл.Весник на РМ бр.55/13. Активно учествувајќи во евроинтеграциските процеси на државата, Сојузот на синдикатите на Македонија, заедно со другите социјални партнери, во октомври 2012 година има поднесено Иницијатива за ратификување на следните конвенции :

- Конвенција за колективно договарање, бр. 154 од 1981 година;
- Конвенцијата за работни односи во јавните служби бр. 151, од 1978 година и Препорака за работните односи (јавна служба) бр. 159, и
- Конвенцијата за трудова администрација, бр. 150 од 1978 година.

Ратификацијата на Конвенцијата за трудова администрација, 1978 (бр.150), Конвенцијата за колективно договарање, 1981 (бр.154) и Конвенцијата за работни односи во јавните служби, 1978(бр.151) кои претставуваат темелни конвенции, претставува и верификување на иницијативата на ССМ на која бевме посветени во изминатиот период. Ратификацијата на Конвенцијата за трудова администрација, 1978(бр.150) утврдува дека секоја земја што ќе ја ратификува оваа конвенција во согласност со националните услови и во рамките на системот за трудова администрација, осигурува консултации, соработка и преговори меѓу јавните органи и најрепрезентативните организации на работодавачи и работници. Ратификацијата на Конвенцијата за колективно договарање, 1981 (бр.154) утврдува дека одредбите на оваа конвенција се применуваат преку законите и други прописи, а исто така се превземаат и мерки за промовирање на колективното договарање во согласност со националните услови. Колективното договарање се проширува на сите преговори што се одвиваат меѓу работодавачот, група работодавачи или една или повеќе организации на работодавачи од едната страна и една или повеќе организации на вработени од другата страна Ратификацијата на Конвенцијата за работни односи во јавните служби, 1978 (бр.151) утврдува дека оваа Конвенција се применува на сите лица што се вработени од јавните органи, доколку на нив не се применливи поповолните одредби од другите меѓународни Конвенции за труд.

Во периодот 2010-2012 година, на иницијатива на ССМ, прифатена од другите репрезентативни синдикати и социјални партнери, се ратификувани 5 конвенции на Меѓународната организација на трудот:

- Конвенција број 94, за регулирање на социјалните клаузули во јавните набавки, донесена 1949 година (во РМ ратификувана во јуни 2010);
- Конвенција за вршење работа дома, усвоена во Женева на 20 јуни 1996 година (во РМ ратификувана на 19.3.2012 г.);
- Конвенција за приватни агенции за вработување, усвоена во Женева на 19 јуни 1997 год. (во РМ ратификувана на 19.3.2012 г.);
- Конвенција за заштита на мајчинството, усвоена во Женева на 15 јуни 2000 год. (во РМ ратификувана на 19.3.2012 год.). Оваа Конвенција ја ревидира Конвенцијата за заштита на мајчинството (Ревидирана), 1952 година;
- Конвенцијата за промотивна рамка за безбедност и здравје при работа усвоена во Женева на 15 јуни 2006 година (во РМ ратификувана на 19.3.2012).

---

На прес конференцијата претседателот информираше за добиените решенија за репрезентативност на девет синдикати здружени во ССМ. Заврши уште една крупна активност која ја започнаа синдикатите здружени во ССМ. Тоа е добивањето на Решенија за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел во јавниот и приватниот сектор, на девет гранкови синдикати здружени во ССМ, изјави претседателот на ССМ д-р Живко Митревски. Министерството за труд и социјална политика по заклучокот на Комисијата за утврдување на репрезентативност, на барање на синдикатите согласно Законот за работните односи ги издаде овие решенија:

1. Самостоен синдикат на работниците од енергетика и стопанство на Македонија

- Решение за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел во јавниот и приватниот сектор

2. Синдикат на работниците од Агро - индустрискиот комплекс на РМ

- Решение за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел – „производство на тутунски производи“
- Решение за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел заради учество во колективно договарање – дејност „производство на прехрамбени производи“

- Решение за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел заради учество во колективно договарање – дејност „земјоделство“

3. Синдикат за градежништво, индустрија и проектирање на РМ

- Решение за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел во јавниот и приватниот сектор,
- Решение за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел заради учество во колективно договарање од страна на МТСП

4. Синдикат на одбраната и безбедноста на Македонија

- Решение за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел

5. Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ

- Решение за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел

6. Синдикат на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетиката на РМ

- Решение за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел

7. Македонски полициски синдикат

- Решение за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел

8. Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Македонија

- Решение за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел

9. Синдикат на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ

Решение за репрезентативност во областа на Производството на кожа и слични производи од кожа заради учество во колективно договарање на ниво на гранка, односно оддел.

Претседателот Митревски додаде дека продолжуваат постапките за добивање решенија за репрезентативност и на другите синдикати здружени во ССМ.

# ВО ССМ ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА ПРИСТОЈНА РАБОТА




*На 7 октомври во Сојузот на Синдикатите на Македонија на пригоден начин е одбележан Светскиот ден за пристојна работа, со одржување на семинарите “Концептот за пристојната работа и надзорните механизми на МОТ“ и заедничкиот семинар на секциите на жени при ССМ, КСС и УНАСМ “Заедно против дискриминацијата на жената“.*

Во рамките на одбележувањето на денот се одржа прес конференција на која претседателот на ССМ д-р Живко Митревски нагласи дека ССМ од 2010 година интензивно го одбележува Светскиот ден за пристојна работа. Тој ги изложи основните компоненти на пристојната работа: Да се водат соодветни национални политики за зголемување на вработеноста, посебно за младите; Да се намалува стапката на сиромаштија; Да постои сигурност на работните места; Социјална сигурност; Еднакви можности за работа за сите, без дискриминација од било каков вид; Работата да биде извор на достоинство и благосостојба на работниците; Да се развива и практикува социјалниот дијалог и да се овозможува синдикатите да учествуваат во креирањето и одлучувањето за прашања значајни за работниците.







**Координаторот на МОТ за Македонија Емил Крстаноски, министерот Диме Спасов, претседателот д-р Живко Митревски и специјалистот на МОТ Овидиу Јурка го честитаа Светскиот ден за пристојна работа**

Министерот за труд и социјална политика Диме Спасов истакна дека овој ден е прилика да се истакнат изминатите постигнувања и настојувањата за наредниот период, кои се во правец на подигнување на нивото на достоинството на трудот. Тој ги спомена Националната програма за вработување 2011 – 2015, Акциониот план за вработување млади, донесувањето на законите за минимална плата, за мобинг и другите прописи од работното право.

Социјалниот дијалог е напреднат, вклучени се синдикатите и организациите на работодавачи, додека за следниот период се предвидени многу други насоки за дејствување со цел подобрување на положбата на работните луѓе. Министерот Спасов ги спомена тековните измени, меѓу кои зголемувањето на платите во администрацијата за пет отсто, 1.600 вработувања на лица со загрозена социјална положба, Програмата за вработување на деца без родители, намалувањето на стапката на невработеност од 36 отсто во 2006 година на 28,8 отсто во првиот квартал од 2013 година.

Овидиу Јурка, специјалист за работнички прашања од седиштето на МОТ (ILO DWT/CO) во Будимпешта истакна дека за Меѓународната организација на трудот сите работници се исти, односно сите заслужуваат ист третман и почит. Јурка потенцираше дека напредокот на социјалниот дијалог е позитивен знак за реализација на основните концепти на пристојната работа, како што е владеење на правото, недискриминацијата, еднаквите можности, добриот систем на социјална заштита и другите концепти.




***На семинарот шрисуствуваа претставници на Конфедерацијата на слободни синдикати, Унијата на автономни и независни синдикати, Организацијата на работодавачи на Македонија, Бизнис конфедерацијата и други организации***

Агендата за вториот дел на семинарот вклучи презентации на претставници на синдикатите за статусот на колективното преговарање и надзорните механизми на МОТ, како и за синдикалните активности за ратификација на конвенциите на МОТ и нивната улога во извештаите на земјите на МОТ. Презентацијата на Овидиу Јурка гласи “Слобода на здружување и надзорните механизми - меѓународни трудови стандарди“. Следната тема на семинарот е “Надзорните механизми на МОТ и примери од Македонија – нови состојби“.

## СЕМИНАР НА СЕКЦИИТЕ НА ЖЕНИ “ЗАЕДНО ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА НА ЖЕНАТА“

Паралелно се одржа заедничкиот семинар на секциите на жени при ССМ, КСС и УНАСМ, на тема “Заедно против дискриминацијата на жената“. Собирот го поздрави претседателот д-р Живко Митревски, кој на жените синдикалки им порача дека заедничката организација на семинарот е показател за зближувањето на синдикатите. Концептот за пристојна работа е предизвик за нас, синдикатите, да ги активираме сите потенцијали во подобрувањето на позицијата на работниците, посебно во елиминирање на половата дискриминација.

Овој собир се одржа во рамките на Проектот “Јакнење на капацитетите на вработените жени и вмрежување на Западниот Балкан“, кој се одвива со поддршка на Меѓународната синдикална конфедерација (ITUC) и ISCOS.




**Претседателот Митревски со претседателките на секциите на жени Елизабета Гелевска (ССМ), Дивна Змејковска (УНАСМ) и Драгана Матлиоска (КСС)**

---

Теми на оработка беа: претседателот на Секцијата на жени при ССМ Елизабета Гелевска - "Еднаквоста и родовата дискриминација во работните односи во законодавството на Република Македонија", Јована Тренчевска, координатор на Интерресорската група за еднакви можности на жените и мажите - "Закон за еднакви можности", д-р Тодор Каламатиев од Правниот факултет "Јустинијан Први" - "Дискриминација и мобинг на работното место", Дивна Змејковска од УНАСМ - "Достоинствена работа", Мила Царовска од МППС -"Достоинствен приход" и Лидија Кекеновска Павиќ - "Искуства – мобинг – Канцеларија за мобинг - ССМ".

**Комплетното обраќање на претседателот на ССМ д-р Живко Митревски**

1. Во основата на секое современо демократско и социјално одговорно општество е да се гарантира и почитува правото на работниците на пристојна работа за достоинство на трудот. За таа цел, неопходни се заеднички заложби и напори на сите одговорни субјекти во државата, работниците да ги остваруваат темелните права загарантирани со меѓународните и националните правни акти поврзани со трудот, пред сé, Декларацијата за човековите права на Обединетите нации.

Основните компоненти на пристојната работа се:

- Да се водат соодветни национални политики за зголемување на вработеноста, посебно за младите
- Да се намалува стапката на сиромаштија
- Да има сигурност на работните места
- Социјална сигурност
- Еднакви можности за работа за сите, без дискриминација од било каков вид
- Работата да биде извор на достоинство и благосостојба на работниците
- Да се развива и практикува социјалниот дијалог и да се овозможува синдикатите да учествуваат во креирањето и одлучувањето за прашања значајни за работниците

2. Идејата и концептот за пристојна работа призлегуваат од Меѓународната организација на трудот, промовирани во 1999 година, на 87 Меѓународна конференција на трудот. Се заснова врз сфаќањето дека работата е извор на лично достоинство, демократија и општ економски раст во заедницата. Пристојната работа е клучен елемент за постигнување на фер глобализација и намалување на сиромаштијата.

Идејата за пристојна работа е прифатена на Светскиот самит на Обединетите нации, во 2005 год., потоа од Економско-социјалниот совет на Обединетите нации (ECOSOC) во 2006 год., а на Светскиот социјален форум одржан во Најроби, е покрената кампања „Пристојна работа, достоинствен живот" (2007 год.) и 7. Октомври е погласен како Светски ден за пристојна работа.

Одбележувањето на овој ден е широко прифатено од страна на *Сојузотна синдикатите на Македонија.* ССМ со тоа стана дел од глобалната акција за заштита и унапредување на економско-социјалната положба на работниците и остварување и унапредување на правото на работниците на пристојна работа.

3. Сојузот на синдикатите на Македонија како репрезентативен синдикат е определен да се бори да се ценат вредностите на трудот, да се следи трендот на остварување и зголемување на работничките права согласно воспоставените стандарди признати во светот:

- Да се остварува уставното и законско право на вработените на синдикално организирање и дејствување и да се почитува синдикатот како рамноправен социјален партнер;
- Да се намалува невработеноста,
- Да се подобрува животниот стандард на работниците и да се сузбива сиромаштијата;
- Работниците да работат во здрави и безбедни услови за работа;
- Да се подобруваат условите за остварување на правото на пензија;
- Заштита од било која форма на притисок на работното место и дискриминација;
- Да јакне социјалнот дијалог, колективното преговарање и да се потпишуваат колективните договори на сите нивоа.

4. Во Република Македонија е донесена Национална програма за пристојна работа 2010-2013 год., по претходни трипартитни консултации со Министерството за труд и социјална политика, синдикатите, работодавачите и МОТ.

Програмата се заснова врз четири основни стратешки цели: Отворање на работни места; Гарантирање на правата од работа; Унапредување на социјалната заштита; Промовирање на социјалниот дијалог.

Во таа насока, ССМ во овој период оствари повеќе активности:

- Учествуваше во носењето на стратегии и акциони планови за вработување, при што особено ја нагласува потребата од вработување на младите (Националната стратегија за вработување – 2015; Националниот акционен план за вработување на Република Македонија 2011 – 2013; Оперативниот план за активните политики и мерки за вработување за 2012-2013; Акцискиот план за намалување на сивата економија за 2013 год.; Акцискиот план за вработување на младите 2015 год. и др.).
- Во 2011 год. ја промовираше синдикалната минимална кошница како пореален модел на пресметување на трошоците на живот (Вредноста на синдикалната кошница за месец декември 2010 год. изнесуваше 29.199 денари).
- Даваше мислења и предлози и бараше целосно спроведување на пакет-антикризните мерки на Владата на РМ, посебно за: економски развој, невработеност, социјален дијалог и колективно договарање, што придонесува македонската економија да стане поконкурентна на глобалниот пазар.
- На иницијатива на ССМ во Република Македонија во периодот 2010-2013 година се ратификувани 8 конвенции на Меѓународната организација на трудот: Конвенција број 94, *за регулирање на социјалните клаузули во јавните набавки*, Конвенција *за вршење работа дома*, Конвенција *за приватни агенции за вработување*, Конвенција *за заштита на мајчинството*, Конвенцијат а *за промотивна рамка за безбедност и здравје при работа*, Конвенција за *колективно договарање*, Конвенција и Препоракат а за *работните односи* (јавна служ ба) и Конвенција за *администрација на труд*.
- Во делот на работното законодавство, ССМ придонесе во изготвувањето на нови и носењето на измени и дополнувања на македонските закони и нивно хармонизирање со европските. На иницијатива на ССМ се донесени нови закони: Закон за минимална плата (која изнесува 8.050 денари (130€) во нето-износ и 12.265 денари (199€) во бруто-износ), што е историски чин и успех за синдикатите и се придонесува за остварување на пристојна работа за секој работник; Закон за заштита од вознемирување на работното место (мобинг); Закон за европски работнички совети; Закон за пензиско и инвалидско осигурување.

Направени се измени и дополнувања на: Законот за работните односи, Законот за безбедност и здравје при работа и повеќе други закони.

5. Основите за функционирање на социјалниот дијалог во Република Македонија се воспоставени во 2005 година со Законот за работните односи, во кој се дефинирани и функциите на Економско-социјалниот совет на национално ниво.

Првата Спогодба за формирање на Економско-социјалниот совет е потпишана во 1996 година, а новата Спогодба во 2010 година, меѓу Владата на Република Македонија и репрезентативните социјални партнери, меѓу кои и Сојузот на синдикатите на Македонија. ССМ, исто така, учествува во работата на Заедничкиот консултативен комитет со Европскиот социјален комитет (ЕКОСОК).

Водењето на колективните преговори и потпишувањето и примената на колективните договори, е значаен сегмент во процесот на социјалниот дијалог за подобрување и јакнење на работно-правната и економско-социјалната положба на работниците. ССМ е потписник на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, а во тек се преговорите за потпишување на Општиот колективен договор за јавниот сектор. На ниво на дејност се потпишани 15 грански колективни договори, а на ниво на работодавач во континуитет се потпишуваат бипартитните колективни договори.

Со јакнење на социјалниот дијалог, воспоставување на механизмите на социјалниот дијалог и негово развивање на сите нивоа, како и со активностите за натамошно јакнење на капацитетите на Министерството за труд и социјална политика и на социјалните партнери, се придонесува во исполнување на еден од приоритетите за забрзување на процесот на евроинтеграција на Република Македонија.

Сакам уште еднаш да истакнам дека пристојната работа се заснова врз уверувањето дека секое современо демократско општество треба да обезбедува вработување, социјален напредок и развој, достоинствен живот, еднаков третман и еднакви можности за сите за продуктивна работа и личен развој.

Ние синдикатите сме исправени пред голем број предизвици во обезбедувањето пристојна работа. ССМ ќе ги следи позитивните синдикални европски и светски искуства на овој план и ќе се приклучува и ќе ги поддржува сите активности и акции во интерес на афирмирање, унапредување и остварување на работничките права и интереси и обезбедување пристојна работа за сите.

## ВЛАДАТА НАЈАВИ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ, ПЕНЗИИТЕ И СОЦИЈАЛНИТЕ ТРАНСФЕРИ

На 18 септември премиерот на Република Македонија Никола Груевски ги изнесе проекциите за националната економија за наредната година, при што, покрај другите мерки, најави зголемување на платите, пензиите и социјалните трансфери.

Премиерот Груевски во обраќањето пред бизнис секторот во земјава најави покачување на платите за администрацијата за 5 насто, почнувајќи од октомври идната година. Покачувањето е прво од почетокот на кризата, кога платите во јавниот сектор беа замрзнати. Ќе растат и пензиите и социјалните надоместоци за 5 насто, почнувајќи од март 2014 година, додека

## СИНДИКАТОТ ГИ ПОЗДРАВИ МЕРКИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ И ПЕНЗИИТЕ

Повеќе медиуми, меѓу кои "ТВ Сител", порталот "Економски", дневниот весник "Вечер", неделникот "Република" и други, ги пренесоа изјавите на претседателот д-р Живко Митревски, во кои се изразува поддршката од ССМ за економската програма на Владата за наредната година.

За "ТВ Сител", во прилогот со наслов "**Зголемените плати и пензии – знак дека економијата е на добар пат**", Митревски изјави дека покачувањето на платите на администрацијата, пензиите и социјалните надоместоци е добра вест и за синдикатите и за бизнисмените.

"Синдикатот пред повеќе од еден месец побара зголемување на платите за административците кои се замрзнати од почетокот на кризата. Тој оценува дека зголемувањето на платите, пензиите и соција-

надоместоците за лица со посебни потреби се зголемуваат од 1 јануари 2014 година.

Премиерот Груевски информираше дека за 2014 година се планира раст на економијата од 3,2 проценти за наредната година, раст на инфлацијата до 3,3 отсто и дефицит од 3,5 отсто, зголемување на плати, пензии и социјални трансфери, раст на капитални инвестиции, субвенции и помош за земјоделци во висина од 130 милини евра. Предвидени се и други зголемувања на трансфери пред се во социјалната сфера, а предвидени се и 140 милиони евра за субвенции и за друга помош на земјоделците. Додаде дека е предвидено и зголемување на капиталните расходи кои одат за инвестиции, за градби, за патишта, за улици, водоводи, канализациски системи, како е тренд во последните три години. Тоа ќе влијае на растот на економијата и на отворање работни места, бидејќи во услови на економска криза има држави во кои тие опаѓаат, рече македонскиот премиер.

- лните надоместоци ќе го подобрат животниот стандард на граѓаните.

**При донесувањето на буџетот се усогласуваат и барањата на социјалните партнери, односно на Синдикатот, што претставува уште еден нов дополнителен квалитет во развивањето на социјалното партнерство. Уште повеќе вакво однесување е можеби ретко каде е забележано во услови на криза, каде социјалните партнери донесуваат исклучително значајни одлуки", гласи изјавата на Митревски за "ТВ Сител".**

Во прилозите со наслов "**Покачувањето на платите ќе го подобри стандардот на работниците**" во "Вечер" и "Економски.мк" е пренесено: "Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ) ја поздравува одлуката на Владата за покачување на платите на администрацијата, пензиите и социјалните надоместоци. Лидерот на најголемиот синдикат во земјава, Живко Митревски вели дека покачувањето на платите е барањето кое синдикатот го испостави пред еден месец.

Друга важна работа за нас е тоа што за прв пат пред проектирање на буџетот се усогласуваат барањата на социјалните партнери што дава нов квалитет на социјалниот дијалог во земјава.

Тој објасни дека и останатите мерки, како што се Законот за финансиска дисциплина, Законот за стечај и други, позитивно ќе влијаат на животниот стандард на работниците".

"**Повисоките плати и другите најавени зафати ќе ги кренат стандардот**" е насловот на прилогот во неделникот "Република", каде исто така се пренесуваат изјавите на претседателот.

# РАБОТНА ПОСЕТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ МИТРЕВСКИ ВО ОХРИД



**На терен со градежните работници во село Долно Лакочереј**

Претседателот на ССМ д-р Живко Митревски, заедно со секретарот на Регионалното синдикално претставништво во Охрид Драган Цветаноски, на 28 септември оствари повеќе средби со претставници на синдикалните организации од приватниот и јавниот сектор.

На прес конференцијата Митревски зборуваше за анализата за спроведување на Законот за минимална плата, организирањето на членството во претпријатијата каде нема сидникални организации и за други актуелни состојби. Посебно за задржа за подготовките за формирање локален економско – социјален совет во Охрид.

Во рамките на посетата беше реализирана средба во јавното претпријатие "Нискоградба", при што од страна на претседателот на Синдикалната организација Бошко Шаргоски и директорот Никола Икономоски беа презентирани актуелните состојби, напредокот во исплатата на заостанатите плати и здравствени картони.

При оваа посета претседателот Митревски ги посети вработените на терен, на локацијата каде се поставуваат инсталациони мрежи кај месноста "Радоица Новицки" во селото Долно Лакочереј. Од страна на вработените беше изразено задоволство од посетата и интересот за решавање на состојбите.

## ОДРЖАНА 18. СЕДНИЦА НА ЕКОНОМСКО - СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ



**На седницата ССМ го претставуваа претседателот на ССМ д-р Живко Митревски и претседателот на СИЕР Пеце Ристевски**

На Осумнаесеттата седница на Економско – социјалниот совет, што се одржа на 26 септември, се расправаше за Законот за изменување и дополнување на Законот за мирно решавање на работните спорови.

Исто така се дискутираше околу информирањето за состојбата околу преговорите за изготвување и потпишување на Колективниот договор за јавниот сектор.

На седницата беше разгледана предлог мерката на Здружението за металургијата при Стопанската комора на Македонија за додефинирање на категоријата "минат труд".

Исто така беше разгледан писмениот извештај за работењето на Националното тело за општествена одговорност од ОРМ, ССМ и КСС.

# УСПЕШНО ПРОДОЛЖУВА КАМПАЊАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛОКАЛНИ ЕКОНОМСКО – СОЦИЈАЛНИ СОВЕТИ



***Претставниците на социјалните партнери изјавија дека ЛЕСС значи нова перспектива во социјалниот дијалог на локално ниво***

На 30 септември во Гостивар е потпишана Спогодба за формирање Локален економско – социјален совет. Формирањето локални економско – социјални совети се одвива во рамките на Кампањата на ССМ за формирање на локални економско-социјални совети и во рамките на Програмата на USAID – LESS за поттикнување на вработувањето на младите.

Спогодбата ја потпишаа Локалната самоуправа, ССМ, КСС и ОРМ. Од страна на локалната самоуправа Спогодбата за потпиша градоначалникот на Гостивар г. Невзад Бејта, а од страна на ССМ претседателот д-р Живко Митревски.

Во своите обраќања градоначалникот Бејта и претседателот Митревски, како и претставникот на УСАИД г. Мајкл Стиватер, го потенцираа значењето на формирањето на ЛЕСС за локалната заедница и придобивките од спроведувањето на функциите на ЛЕСС. Се оцени дека придобивки ќе имаат граѓаните и работниците од општина Гостивар, а особено невработените млади луѓе, кои преку поврзувањето и потикнувањето на нивните вештини со тековните потреби на пазарот на трудот ќе можат побрзо да се вработат.

Во рамки на ЛЕСС социјалните партнери преку овој институционален механизам ќе ги поттикнат сите прашања од локален карактер: локалната економија, потребите на пазарот на трудот, развој на бизнис климата, усогласување на потребите на образованието итн.

Исто така беше истакнато дека формирањето на ЛЕСС дава перспектива за внесување на нови елементи во креирањето на социјалниот дијалог на локално ниво, слично како што беше направено и на национално ниво.

Како што е познато, ССМ во текот на оваа година спроведува Кампања за формирање на локални економско – социјални совети. Кампањата беше промовирана на 1 мај 2013 година, додека на почетокот на месец јуни беше одржана Конференцијата “Локалниот социјален дијалог во Македонија – предизвици и потреби“. Локални совети се основани во Куманово, Кавадарци, Струмица, Штип и Тетово. После почетокот на овогодишната кампања е основан Локален економско – социјален совет во Битола, додека на 1 септември е постигнат Договор за формирање ЛЕСС во општина Ресен.

## СРЕДБА НА ССМ СО СВЕТСКАТА БАНКА

Креирање на квалитетни работни места е една од примарните цели на Сојузот на синдикатите на Македонија и оттаму во наредните години се очекува блиска соработка со мисијата на Светската банка за пораст на вработувањето во Република Македонија, беше кажано на денешната средба меѓу раководството на ССМ и тимот на Светската банка.

Целта на разговорот беше запознавање на залагањата и активностите ССМ околу креирањето нови работни места и можностите за соработка со агендата на Светската банка за порастот на вработеноста.



Секретарот Анѓелко Анѓелковски (средина) раководителот Слободан Трендафилов и правникот Лиле Петрова (лево) со Криштоф Куровски и Индира Сантос (десно)

Како што информираше Индира Сантос, сениор економист и таск тим лидер, целта на мисијата на Светската банка е: да се започне со планирање и организирање активности насочени кон поддршка и развој на нова Стратегија за работни места, која што ќе ја замени старата што истекува во 2015; фолоуап на претходните дискусии со Владата за поддршка на евалуацијата на Програмите за активен пазар на трудот; фолоуап на анкетата за мерење на имплементацијата на вештините и дискусија за било какви барања за техничка поддршка во областа на вработувањето и креирањето на работни места.
Секретарот на Советот на ССМ Анѓелко Анѓелковски ги информираше гостите за активното учество на ССМ во националните програми за намалување на невработеноста, меѓу што е Акциониот план за вработување 2011 - 2013, учеството во Твининг проектот за националната програма за вработување и во речиси други национални проекти врзани со вработувањето. Во тек е кампањата на ССМ за формирање локални економско – социјални совети. Формираните локални совети покажаа дека се корисни институции за усогласување на потребите на работодавачите и на лицата кои бараат работа. Во најголем број од овие совети приоритет е вработувањето на младите луѓе и поврзаноста на младите со пазарот на трудот, објасни Анѓелковски.
Претставниците на Светската банка информираа дека за Светската банка и Европската комисија, посебно преку ИПА фондовите, исто така тема од примарен интерес е проблемот е пораст на вработеноста на младите. Специјалистот за човечки развој Кристоф Куровски рече дека во прв план се анализите за потребите на пазарот на трудот и вештините на младите и во таа насока се интересираше за ставовите на Синдикатот. Куровски објасни дека во прашање е Регионална програма за инклузивен раст на Југоисточна Европа до 2020 година. Соработката со ССМ би била во правец на одредување на кои полиња треба да се работи за проектот да зајакне и да се подобри.
Инаку мисијата на Светската банка ќе вклучи соработка со повеќе институции од државата, како министерствата за труд и социјална политика, за економија, образование и финасии, Агенцијата за вработување и други релевантни институции.

## ПРИФАТЕНИ ПОВЕЌЕ БАРАЊА ЗА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Со задоволство можеме да констатираме дека разговорите и преговорите со Министерството за информатичко општество и администрација завршија успешно, истакна претседателот на ССМ д-р Живко Митревски на конференција за печат, што се одржа на 5 октомври во ССМ.

Прес конференцијата се одржа по повод Предлог - измените и дополнувањата на Законот за инспекциски надзор и барањата на Синдикатот на УПОЗ, кои се во голем дел прифатени од страна на министерството.

Од синдикална страна се упатени доста забелешки во насока на подобрување на законските решенија, зајакнување на положбата на вработените, сигурноста на работните места, учеството на синдикатот во натамошната разработка на правилниците и другите акти.




**Социјалните партнери продолжуваат заеднички и превентивно да го градат работното законодавство**

На овој начин успешно го манифестиравме социјалното партнерство и социјалниот дијалог. Веруваме дека на овој начин ќе продолжиме заеднички и превентивно да го градиме закондавството во непосреден интерес за трудот и за работниците во Република Македонија, истакна претседателот Митревски.

Министерот Иво Ивановски исто така потврди дека дијалогот со Синдикатот е успешно завршен. Тој информираше дека се прифатени повеќе барања на УПОЗ, како што е продолжувањето на периодот за полагање за сертификат од пет на шест години. Потоа министерството и синдикатот се договорија постарите работници, доколку не го положат испитот, не мора да стравуваат за своите работни места.

Исто така, како што истакна министерот, беше прифатено барањето во подготовката на актите за прераспределба, покрај Инспекцискиот совет, да учествуваат и синдикалните претставници. Инспекторите кои по трет пат нема да го положат испитот ќе бидат прераспределени на други работни места, односно нема да бидат отпуштени. Со овој закон се воведува можност вработените да се наградуваат, односно не е насочен само кон заштита на вработените, додаде министерот.

Претседателот на Синдикатот на УПОЗ Пецо Грујовски истакна дека успешните преговори се во насока на донесување модерен закон и изрази задоволство од прифаќањето на барањата на УПОЗ. Овој закон е реформски и со прифатените измени на синдикатот се добива гаранција на работните места.

Добро е, истакна Грујовски, што со дијалог се најдени заеднички решенија и оттаму оптимизмот дека претстои добра соработка на социјалните партнери.

## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО ПРИ РАБОТА И ПОЖАР



*Претседателот Митревски ги изложи залагањата на ССМ за безбедноста и здравјето*

На 4 и 5 октомври во Битола, во организација на Меѓународниот Славјански Универзитет “Гаврило Романович Державин“, се одржува Прва меѓународна научно – стручна конференција 2013 “Безбедносно инженерство при работа и пожар“.

На конференцијата учествуваше претседателот на ССМ д-р Живко Митревски, кој истакна дека Сојузот на синдикатите на Македонија е посебно посветен на работното законодавство и меѓународните трудови стандарди во делот на прашањата на безбедноста и здравјето при работа.

Значаен чекор во прогресот на законодавството од оваа област е ратификацијата на Конвенцијата за безбедност и здравје на Меѓународната организација на трудот, за чие усвојување иницијатива поведе ССМ.

За Синдикатот важен чекор е посветеноста во делот на имплементирањето на регулативата во претпријатијата и организациите преку синдикалните повереници.

Со оглед на значајноста на темите оваа конференција ќе биде уште еден придонес за креирање соодветна и модерна регулатива за безбедност и здравје, истакна Митревски.

Инаку иницијативата за одржување на оваа конференција се создала со обезбедувањето на акредитација на Факултетот за безбедносно инженерство при овој универзитет.

На конференцијата учество зедоа над 80 подносители и 120 активни набљудувачи.

# ОДРЖАНА СЕДУМНАЕСЕТТАТА СИНДИКАЛНА ШКОЛА НА СИНДИКАТОТ ЗА ЗДРАВСТВО

Од 27 до 29 септември во Охрид се одржа Седумнаесеттата синдикална школа на Самостојниот Синдикат за здравство, фармација и социјална заштита. На школата, која ја отвори претседателот на Синдикатот за здравство Љубиша Каранфиловски, присуствуваше претседателот на ССМ д-р Живко Митревски.



***Претседателот д-р Митревски и раководството на Синдикатот за здравство – признаената репрезентативност значи дефинирано социјалното партнерство***

Двајцата претседатели зборуваа за активностите на Синдикатот во текот на претходниот период. Тие укажаа на значајните придобивки овозможени од аспект на придобивките во работното законодавство и колективното договарање, како и позицијата на Синдикатот во општеството.

На школата беше доделено Решението за репрезентативност на Синдикатот за здравство, кој е единствен репрезентативен во државата, со кој се легитимира неговата позиција во социјалното партнерство.



***На школата учествуваа претставници на синдикатите од здравствените установи од целата држава***

На школата, на која присуствуваа претставници на членовите на овој синдикат од целата држава, д-р Константин Петковски зборуваше за аспектите на колективното договарање од теоретски и практичен аспект. Свои обраќања имаа д-р Тодор Каламатиев и м-р Александар Ристовски.

Седумнаесеттата синдикална школа се одржа во рамките на едукативниот концепт на Самостојниот Синдикат за здравство, фармација и социјална заштита.

# ТРИБИНА ЗА РЕГИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ НА СИНДИКАТИТЕ ОД СООБРАЌАЈОТ И ВРСКИТЕ

Проблемите со кои се соочуваат синдикатите од сообраќајот и врските во регионот во многу елементи се слични и оттаму уште посилни се мотивите за заедничко дејствување.

Ова беше кажано на Регионалната трибина "Регионално вмрежување и заедничките активности на синдикатите од земјите на Западен Балкан", што се одржа на 15 и 16 септември во Скпје. На трибината, што ја организираа Синдикатот на работниците од сообраќајот и врските (СРСВМ) и Фондацијата Фридрих Еберт – Канцеларија во Македонија, учествуваа претставници на Синдикатот за патишта и промет на Хрватска, Самостојниот синдикат за патен и градски сообраќај на Србија, Синдикатот за сообраќај и врски на Федерацијата Босна и Херцеговина и Синдикатот на транспортните работници на Бугарија, како и претставници и гости од други организации од земјава.



***Претставниците на синдикатите од сообраќајот од Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска***

Синдикалците од регионот укажаа на неколку проблематични прашања кои се взаемни и се среќаваат при нивното дејстување – проблеми од областа на правата и обврските од работен однос на вработените кои се синдикални членови, проблеми од аспектот на синдикалното организирање и делување, како и проблемите околу колективното преговарање во национални рамки.

Со констатацијата дека сите синдикати делат исти проблеми во регионални рамки на семинарот постојано преовладуваше духот на взаемност, соработка и солидарност, кои доведоа до заземање на заеднички ставови. Имено, сите учесници акламативно ја поддржаа иницијативата за меѓусебна регионална синдикална соработка. Тоа подразбира вмрежување помеѓу синдикатите на регионално ниво од областа на транспортот и врските во сите полиња на дејствување. Вмрежувањето треба да помогне да се овозможи размена на информации, заедничко решавање на проблеми, можност за пристап до акти и документи како и взаемна помош и координација при учество во европски и меѓународни организации и тела. Сите учесници се согласни за развивање регионална соработка, со тоа што ќе ги пренесат искуствата од овој настан во своите земји со цел повеќе синдикати да се вклучат во оваа соработка.

На собирот се постигна согласност синдикатите СТСБ од Бугарија и СРСВМ од Македонија да ја координираат техничката поддршка при реализацијата на оваа Иницијатива, додека во состав на Иницијативниот комитет влегуваат учесници од сите земји и национални синдикати.

Исто така беше договорено техничката поддршка да ја извршува Канцеларијата на ФЕС, како мост за поврзување на комуникацијата на синдикатите, додека синдикалната политика и донесувањето на одлуки останува на синдикатите – учесници во иницијативата.

Учесниците најавија можност, доколку постојат финансиски услови, за одржување на следна средба за месец ноември.

На средбата беше упатен отворен повик за вклучување на колегите од сите земји во Меѓународната недела на акција во овој сектор (7-13 октомври) со цел да се одржат уште помасовни и координирани активности.

Понатаму беше договорено заеднички, со координирани активности, да се одбележи 25 Ноември, Меѓународниот ден на МОТ против насилство над жените, по кој повод Меѓународната транспортна организација секоја година организира кампањи.

Учесниците на оваа средба побараа од г-ѓа Екатерина Јорданова, член на Извршниот комитет на ИТФ, да ја пренесе информацијата за овој настан и заклучоците од него пред колегите во ИТФ.

# ВТОРА СРЕДБА НА СГИП СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА КОМПАНИЈАТА "АКТОР"

На ден 20.09.2013-та година претставници од СГИП и BWI остварија втора средба со компанијата АКТОР, главниот изведувач на Коридор 10 во Република Македонија. Со оваа посета СГИП и BWI продолжуваат активности за зачленување на нови членови, но со посебен акцент за работниците ангажирани на овој проект и нивно информирање за најосетливата област при работа односно безбедноста и здравјето при работа. Во тој контекст на 20-ти Септември 2013-та година по барање на СГИП се направи посета на дел од трасата (автопат-



-делница Демир Капија-Смоквице). На оваа посета присуствуваа Благуна Стојкоска – Секретар на СГИП; Иван Пешевски – Асистент на Претседателот на СГИП; Крсте Мицевски – Координатор за безбедност и здравје при работа на СГИП; Стојко Мурџевалевски – Регионален претставник на ССМ – Кавадарци; Душко Бошковиќ – Претставник за безбедност и здравје од Синдикатот "Путари"-Србија; Домагој Фербедар – Претставник за Југоисточна Европа од Светската организација за градежништво и дрвна индустрија - BWI, Проектниот менаџер на АКТОР и Стручното лице за безбедност и здравје при работа во АКТОР.

Од страна на СГИП беа презентирани кои се правата од работен однос што треба да ги имаат работниците и зошто им е потребно да се членови во синдикатот. Присутните беа запознаени за безбедноста и здравјето при работа како најважна тема за работата во градежниот сектор. За оваа проблематика СГИП отпочна кампања "Да градиме патишта без повреди и жртви" и изготви посебни флаери во кој се опфатени сите елементи од нискоградба на кои треба да внимаваат вработените како и особено внимание за личната заштитна опрема и правата од работен однос. Она што е најважно за работата на СГИП и Светската организација за градежништво и дрвна индустрија - BWI е тоа што ќе се продолжат активностите на овој објект и во иднина, што беше договорено и заклучено од двете страни. За таа цел СГИП ќе продолжи соработка со Министерството за финансии, Европската банка за обнова и развој, Агенцијата за државни патишта како и до Министерството за труд и социјална политика со барање за посебен инспектор за безбедност и здравје само за овој објект.

## СЕМИНАР ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ НА СИНДИКАТИТЕ ОД ДЕЈНОСТИТЕ ХЕМИЈА И НЕМЕТАЛИ ОД РЕГИОНОТ




Синдикатот на хемија, неметали и метали на Република Македонија (СХНМ) и Самостојниот синдикат на хемија и неметали на Република Србија, со поддршка на Фондацијата “Фридрих Еберт“, од 20 до 22 септември во Пробиштип одржаа семинар на тема “Улогата и потребата од регионално вмрежување на синдикатите“.

На семинарот, на кој присуствуваа 24 учесници од Македонија и Србија, беа поставени идните цели кон кои ќе се стремат двата синдиката. Една од приоритетните цели е вмрежувањето да ги опфати и да ги обедини и другите синдикати од регионот.

Договорени се понатамошни заеднички трибини и семинари, на кои како спонзор би се јавувала Фондацијата “Фридрих Еберт“, но исто така се зборуваше и за одржување конференции и семинари за кои синдикатите би се финансирале од својот буџет.

## ЧЕСТИТКИ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија д-р Живко Митревски по повод Осми септември, Денот на независноста на Република Македонија, упати честитки до претседателот на државата Ѓорѓе Иванов, претседателот на Собранието Трајко Вељановски и претседателот на Владата Никола Груевски.

Обраќањето гласи:

*Во името на Сојузот на синдикатите на Македонија и во мое име, со особена чест Ви упатувам најискрени и срдечни честитки по повод 8 Септември, Денот на независноста на Република Македонија.*

*Сојузот на синдикатите на Македонија, како организација на работниците која повеќе од еден век ги брани, ги застапува и се бори за унапредување на правата од работа и интересите на македонските работници, во своето дејствување и во натамошниот период ги поддржува активностите на сите субјекти кои одат во прилог на развој на севкупните демократски процеси во државата, европските и НАТО интеграциските процеси, како и сите оние активности насочени кон подобрување на социјално - економската положба на граѓаните и работниците во Република Македонија.*

*Во оваа насока, нашата определба останува и натаму дека само со почитување на вредностите на трудот, преку развој на социјалниот дијалог и постигнување консензус, со демократизација на вкупните општествени односи, со продолжување по патот на процесите за приклучување во големото европско семејство, ќе придонесуваме за натамошен просперитет на Република Македонија.*

## ОФИЦИЈАЛНО ЗАТВОРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Во рамките на Проектот за модернизација на Агенцијата за вработување на 27 септември на “Скопски саем“ се одржа завршниот собир на тема “Понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување“.

Проектот се однесува на натамошна модернизација и подготовка на АВРМ, за да може да одговори на барањата поврзани со пристапувањето кон ЕУ и на европската политика за вработување

Основните цели на проектот се подобрување на квалитетот и ефикасноста на услугите обезбедени за лицата кои бараат работа, како и за работодавачите од страна на АВРМ, намалување на невработеноста и спречување вработените лица да станат невработени, зајакнување на капацитетите на АВРМ и справување со новите предизвици на јавните служби, додека една од генералните цели е раст на вработеноста во Европа.

На средбата присуствуваше претседателот на ССМ д-р Живко Митревски, кој е член на Управниот одбор на проектот.
Овој проект придонесе за модернизација и институционален развој на Агенцијата, а со тоа и зајакнување на капацитетите на вработените во Агенцијата, со цел поголема подготвеност на
Агенцијата за вработување во исполнување на целите од Европската стратегија за вработување. И овој проект, како и претходните, придонесе за модернизација, прилагодување на промените и справување со предизивиците на пазарот на трудот, организација и квалификација на структурите, зајакнување на раководството и човечките ресурси. Активностите во рамките на проектот придонесоа за подобрување на квалитетот, ефикасноста и ефективноста на услугите кои им ги обезбедува Агенцијата на невработените лица и работодавачите, изјави министерот за труд и социјална политика Диме Спасов.
Тој додаде дека начинот на организирање и функционирање, посветеноста и капацитетите на вработените во Агенцијата и нивната подготвеност да одговорат на промените и предизвиците, соработката со Министерството за труд и социјална политика, како и со останатите органи и институции, се многу значајни аспекти од кои зависи квалитетот на услугите што се обезбедуваат за невработените лица и работодавачите.
Инаку проектот е финансиран од Европската унија во рамките на Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 (ИПА компонента IV). Вредноста на проектот е 1.375.500 евра.

## РЕГИОНАЛНИ СИНДИКАЛНИ ПРЕТСТАВНИШТВА И СИНДИКАЛНИ КАНЦЕЛАРИИ

### РСП ВЕЛЕС

Одржани се повеќе средби во синдикалните организации од Велес, Свети Николе и Градско, во координација со претседателите на синдикатите СТКЧ, СУТКОЗ, УПОЗ и АГРО Синдикатот. Целта на овие средби е зачленување нови вработени, при што се зачленети 14 лица од подрачната Шумска полиција и четири од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
На 11 септември е одржан состанок со претставник на Синдикалната организација во "Димко Митрев", во врска со незадоволството на дел од членовите за работата на СО, додека утредента е разговарано со тројца од незадоволните работници, со цел разрешување на ситуацијата.
На 25 септември е одржана средба со тројца работници од "Жито Вардар", околу откажување на договорите за вработување од деловни причини.
Извршени се консултации со група работници од металната индустрија "Брако", за нивно зачленување во синдикатот СИЕР.
Дадени се пет совети на членови за проблеми околу прекувремена работа и ноќна смена.

### РСП КАВАДАРЦИ

Во текот на месец септември е пружена правна заштита на 27 странки од подрачјето на РСП Кавадарци и три од СК Кавадарци.
Посетени се синдикалните организации на ВВ "Тиквеш" – Кавадарци, АД ЗП "ГД Тиквеш" и ЈЗУ "Општа болница" – Кавадарци.
Со цел зачленување нови членови на 20 септември е одржана средба во компанијата "АКТОР", која ги изведува градежните работи на "Коридорот 10". Од страна на СГИП присуствуваа секретарот, асистентот и координаторот за безбедност и здравје, додека од страна на компанијата проектниот менаџер и стручното лице за безбедност и здравје при работа. На средбата е разговарано за правата од работен однос и за уаловите за безбедноста и здравјето при работа. Посебно е истакнато дека работниците телефонски контактираат со СГИП и со претставништвата и канцелариите на ССМ во Кавадарци, Неготино и Гевгелија, при што самите најавувата потреба од зачленување во Синдикатот СГИП. На средбата е договорено овие активности да продолжат и да следува организирање втора средба со вработените во "АКТОР".

### РСП КУМАНОВО

Најголем дел од активностите во месец септември беа насочени кон стечајните постапки во ТТК "Куманово" и "Житомел" – Куманово. На 5 септември беше закажано судско рочиште на "Житомел" и на 12 септември за ТТК "Куманово".
За помош на вработените во ТТК се направени низа интервенции, како средби во Основниот суд, Агенцијата за вработување, изготвување барање, собирање потписи за смена на стечајниот управник и други постапки. На 27 септември е одржан состанок во Владата на Република Македонија.
На 19 септември со претседателот на СИЕР Пеце Ристевски реализирана е посета во Фабриката за заварени цевки и профили, поради влошената финансиска состојба и доцнењето на платите.

РСП ОХРИД
Реализирани се повеќе средби и состаноци со цел синдикално организирање и остварување на правата на вработените согласно законските прописи.
Во неколку наврати е контактирано со раководителот на Правната служба во АД "Лихнида" – Охрид поради синдикален избор и регистрирање на Синдикалната организација.
Одржана е средба со претседателот на СО на Шумско стопанство "Галичица" – Охрид, заради консултирање во врска со правата на работниците – членови на синдикатот согласно Законот за работни односи и Колективниот договор, посебно во делот други надоместоци.
Одржани се средби со претседателите на ЈП "Нискоградба" и МЈП "Водовод" – Охрид, каде се извршени консултации за понатамошните активности по однос на судските пресуди за храна и превоз.
Средба со претседателот на АГРО Синдиактот и членовите на Водна заедница "Голема река" од с. Велмеј, заради консултирање на понатамошните активности.
Организирање и учество на прес конференцијата со претседателот д-р Живко Митревски и посета на неколку претпријатија.

РСП СКОПЈЕ
Одржани се неколку средби со менаџерот и директорот на Заводот за испитување градежни материјали. На состанокот на 30 септември, на кој присуствуваше секретарот на СГИП, се договорени активности за формирање нова синдикална организација и зачленување во СГИП.
Интервенции во АД "ЗУАС", каде се регистрирани големи превирања околу сопственоста и откуп од надворешен купувач, како и околу неисплатените плати и придонеси.
Правна заштита на член од АД "Гим" заради добиено отказно решение.

РСП ТЕТОВО
Пружена е правна заштита за работници од Тетово. Одржано е рочиште за тужител против "Хемо медика" за престанок на работен однос.
Направена е тужба до Основниот суд Тетово за вработен во Јавното комунално претпријатие. Работникот е член на СУТКОЗ и оттаму е разговарано со претседателот Зоран Георгиевски за закажување состанок со менаџерскиот тим, со цел да се најде компромисно решение. Постигната е согласност тужбата да се повлече.
Претседателот на СУТКОЗ на 13 септември оствари средба во ЈКП "Тетово" со директорот и претседателот на СО, при што се разговараше за изнаоѓање решение за успешно работење, учеството на синдикалните претставници во разрешувањето на проблемите, исплатата на заостанатите плати и други состојби.

СК ГОСТИВАР До синдикалната канцеларија се обратија 240 поранешни вработени на ОХИМ ГЕС "Гостивар", кои бараа правна помош за застапување пред Основниот суд во Гостивар за надомест на штета поради неисплатени плати и придонеси, како и поднесената тужба од ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор против дел од вработените.

СК КИЧЕВО
По барање на претседателот на СИЕР е одржана средба со претседателот на СО на АД "Тајмиште".

КОНТАКТ
Благојче Крстевски, стручен соработник за информирање на ССМ
Тел/факс ++389 2 3225-937
E mail: b.krstevski@ssm.org.mk